Од 2018 година до сега, Граѓанскиот ресурсен центар спроведе **38 посети** на Мобилниот ресурсен центар (МРЦ) низ државата на кои учествувале над
**500**
претставници на локални организации, активисти, млади, претставници на локалната администрација и други чинители. Една од целите на овие посети е информирање на локалните организации за актуелните случувања поврзани со развој на граѓанското општество, можностите за финансирање и јакнење на граѓанските организации, можностите што ги нуди Граѓанскиот ресурсен центар, ЕУ агендата и други теми и прашања кои се од интерес за функционирањето на организациите на локално ниво.




Посетите на МРЦ им дадоа можност на локалните организации да ги споделат предизвиците со кои се соочуваат и прашањата од локалната заедница кои треба да се решат, доближувајќи го на тој начин Граѓанскиот ресурсен центар до локалните организации во различните општини и региони. Учесниците на посетите на МРЦ како

најчест предизвик го истакнаа **пристапот до фондови и нивната финансиска одржливост** . Организациите **се соочуваат и со недостаток и одлив на човечки ресурси** и слаб интерес кај младите за волонтирање и за нивно вклучување во работата на ГО. Оттука е и **главниот предизвик како да се мотивираат првенствено младите активно да се вклучат во работата на граѓанските организации** и да им се понудат соодветни услови за работа и напредок. Помалите организации, особено во руралните средини, се соочуваат и со **недостаток на просторни и технички капацитети** што дополнително ја усложнува ситуацијата. Организациите сметат дека праксата општините да обезбедуваат простории за канцеларии на активните граѓански организации треба да се прошири во сите општини, истакнувајќи дека имањето простории е многу важен фактор за обезбедување на основна одржливост на малите локални организации. Дополнителна пречка во дел од општините претставува и недоволната **меѓусебна соработка и вмрежување.** Голем дел од организациите ја истакнаа потребата од поддршка за вмрежување, а пред се за вклучување во поголеми мрежи за заеднички активности и акции. Локалните организации не се доволно запознаени со можностите што ги нуди **социјалното претприемништво** и постојат малку примери на успешни локални организации активни во оваа област. На средбите од низа организации беа побарани информативни настани и обуки за социјално претприемништво. Друг значаен предизвик со кој се соочуваат локалните организации е недоволна вклученост и слабата информираност за механизмите на вклучување на ГО во работата на локалната самоуправа. Овој предизвик особено се однесува на **вклучување на ГО во креирање на политики** на локално и регионално ниво.






СУРСЕН ЦЕНТАР



[illegible]